АНАЛИЗА

# Работничките права и безбедноста на жените во медиумите



Авторка на анализата
**Кристина Озимец**

С С Н М

Наслов:

Работничките права и безбедноста на жените во медиумите

Издавач:

Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

Авторка на анализата:

Кристина Озимец

Скопје, декември 2024

Финансирано од Европска Унија

*Овој документ за политики е изработен во рамките на под-грантот „Зајакнување на интегритетот и безбедноста на локалните новинари/ки и медиумски работници“ имплементиран од ССНМ, дел од проектот „Тренинг-Академија за новинари и медиумски работници – Т-АЈМ“, финансиски поддржан од Европската Унија, а во реализација на Здружението на новинари на Македонија и партнерските организации, Иницијативата за европска перспектива – ИЕП и Европската федерација на новинари – ЕФН.*

## Содржина


1. Вовед во проблематиката и цели на анализата
2. Анализа на состојбата со работничките права на новинарките во медиумите
3. Анализа на состојбата со безбедноста на жените вработени во медиумската сфера
4. Искуства од терен - новинарките за нивните предизвици во работата
5. Зголемување на солидарноста меѓу новинарките и јакнење на заедницата на жени во медиумите
6. Заклучоци и препораки
7. Користена литература

## 1. Вовед во проблематиката и цели на анализата

Новинарките во С. Македонија во последните неколку години се повеќе стануваат свесни за предизвиците со кои се соочуваат, а кои се поврзани со родовите аспекти, како и за нормализацијата на проблемите кои ги таргетираат како жени во медиумската сфера. Новинарките и сите жени во медиумите не се издвоени од генералната слика и атмосфера за жените во земјата, и тие секако дека се соочуваат со слични проблеми на структурна и системска дискриминација, како и нормализираниот сексизам и шовинизам и родово инспирираните напади кои се широко распространети во нашето општество.

Жените во земјата се уште се дискриминирани во повеќе сфери на живеењето, за што говорат не само личните искуства, туку и бројките и фактите. Тие се уште се соочуваат со проблеми при вработувањето и учеството во работната сила. Според податоците на Еуростат, дури 46 проценти од жените на работоспособна возраст се надвор од работната сила, во споредба со 23.3 проценти од мажите.

Според едно истражување[1] на Реактор, кај руралните мажи и жени, разликата во стапките на вработеност е уште поголема што имплицира повеќеслојни бариери за некои жени и потенцијална интерсекциска дискриминација.

„Според официјалните статистички податоци, жените во С. Македонија извршуваат 72 проценти од неплатената домашна работа и работа за грижа за други, што дополнително ја потврдуваше нееднаквата распределба на неплатениот труд што го попречува еднаквиот пристап кон платени работни места за жените“.

Жените се уште не се ниту од далеку еднакви во однос на поседувањето имот, па така едно друго истражување на истата организација ги покажува овие драстични разлики меѓу мажите и жените кои секако ја ставаат жената во подредена позиција и директно влијаат на нејзиниот развој и финансиска независност.

„Почнувајќи од 2023 година, достапните податоци нагласуваат значителни родови разлики, при што мажите сочинуваат 71 проценти од имотната евиденција во споредба со 29 проценти на жените, конзистентен тренд во различни региони. Овие наоди го нагласуваат постојаниот родов јаз кај поседувањето имот низ Северна Македонија“, се вели во истражувањето.

Неодамнешно истражување на невладината организација Фајнанс Тинк покажа дека жените во Македонија, во просек, добиваат 12,5 проценти пониска плата од мажите. За делот од населението со основно образование, овој јаз изнесува високи 28,4 проценти.

„Интересно е што кога овој јаз ќе се коригира за карактеристиките на личноста, првенствено образованието, тој се зголемува на 17,3 проценти, што укажува дека вработените жени имаат подобри карактеристики – повисоко образование – од мажите во Македонија. Сепак, она што е главен проблем при пресметката на родовиот јаз во платите е што една третина од жените, наспроти само еден процент

[1] Родово-базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија, Реактор, страна 13, https://shorturl.at/9sqNH

од мажите во Македонија, се неактивни на пазарот на труд“, се вели во документот [2].

Овие податоци се само дел од сликата за нерамноправноста на жените и мажите во земјата. За жал, родово базираното насилство се повеќе е во пораст, заедно со онлајн насилството и вознемирувањето кое посебно ги таргетира жените во јавниот живот. Жените во едно патријархално општество се соочуваат со комплексни и слоевити проблеми кои го прават трнлив патот до еднаквите можности за работа, напредок и развој.

Во една ваква атмосфера, функционираат и работат и новинарките и жените во медиумите. Новинарките се соочуваат со огромно онлајн вознемирување поради нивната работа, што неодамна го покажа анализата на организацијата ПИНА[3], која дојде до фрапантни податоци дека над 81 проценти од новинарките во земјата се соочиле со некаков вид на онлајн вознемирување поради нивната работа. Нападите во дигиталниот простор преоѓаат и во закани со физичко насилство (24,1%) и закани по живот (19,5%). Загрижувачки е и податокот што дури 36 проценти од испитаничките сметаат дека се соочиле и со организирани напади.

„Корените на замолчувањето на женските гласови ги наоѓаме во патријархалниот систем на вредности чии краци сѐ уште навлегуваат во сите сфери на нашето општество, а во чии рамки внимателно се негуваат традиционалните родови улоги и стереотипи. Во новинарството, иако сѐ повеќе се карактеризира како „женска“ професија, пред сѐ поради сѐ поголемиот број на жени кои се занимаваат со оваа професија, сепак очигледна е дискрепанцата во однос на присуството на жените во процесите на донесување на одлуки, а особено во рамки на центрите на моќ. Имајќи предвид дека жените се диспропорционално многу повеќе засегнати со феноменот на родово базирано насилство во физичкиот свет, родово заснованите карактеристики на насилството всушност само се пресликаа во неговата феноменологија и во дигиталниот простор. „Новиот простор“, кој ги промовира принципите на развој и слобода, наместо да придонесе за своевидна еволуција на родовите улоги, всушност претставува само континуум на патријархалните структури“, се вели во анализата на ПИНА[4].

Освен ваквите проблеми од областа на безбедноста и слободата на изразување, новинарките се соочуваат и со нееднакви можности за развој во кариерата, што го покажуваат нивните секојдневни искуства во работата кои ќе бидат споделени и во оваа анализа. Новинарките ја сочинуваат доминантната работна сила во медиумската сфера, но и покрај тоа тие не се доминанти онаму каде се носат одлуки, односно во сопственичките, менаџерските или уредничките позиции. Се повеќе новинарки стануваат свесни дека во својата редакција тие не добиваат еднаков третман со колегите и дури имаат и директна дискриминација поради тоа што останале или може да останат бремени за што веќе има сведоштва дека било

---

[2] Фајнанс тинк, стр. 1 https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/10/Policy-brief-9.pdf
[3] ПИНА - Над 81 проценти од 103 анкетирани новинарки се соочиле со онлајн вознемирување https://pina.mk/6335-pina-nad-81-od-103-anketirani-novinarki-se-soochile-so-onlajn-voznemiruvane/
[4] Бојана Јовановска, „Од нормализација до самоцензура - анализа на онлајн вознемирувањето на новинарките во Северна Македонија“ - Платформа за истражувачко новинарство и анализи, стр. 4. https://www.osce.org/files/f/documents/f/5/526988_0.pdf?fbclid=IwAR071VWJ9XY-bU-dO4xFYG4yBsb-Z_7WBWCTu5wpiy7PWJLJ4X01XFeBvzA

причина за да се раскине работен ангажман. Можностите за напредок во кариерата исто така се мали и многу жени во медиумите се чувствуваат заглавени во статус кво ситуација од која не гледаат потенцијал за понатамошен развој во медиумската сфера.

Сите овие проблеми и предизвици се цел на оваа анализа, во која подетално ќе го разгледаме статусот на новинарките во медиумите и состојбите со правата и безбедноста на жените во медиумите, но и ќе се обидеме да предложиме можни алатки и начини за подобрување на позицијата на новинарките во медиумската сфера.

## 2. Анализа на состојбата со работничките права на новинарките во медиумите

Работничките права на новинарите и медиумските работници за жал генерално се во криза и многу работници во медиумите се соочуваат со прекршувања на работничките права од најразличен тип. Според истражувањето на ССНМ [5] за професионалниот статус и работничките права на новинарите и медиумските работници, во медиумите во Македонија работат околу 2.100 луѓе, распоредени на 3.146 работни позиции, покажа повеќемесечното истражување спроведено во текот на 2023 година. Според наодите од истражувањето, главни проблеми во медиумите се ниските плати, стресот во работата и непочитувањето на некои од основните работнички права кои се гарантирани со Законот за работните односи.

Истражувањето покажа дека во онлајн медиумите еден од најголемите проблеми е ангажирањето на новинарите врз хонорарна основа или со договори на определено време. Во локалните и регионалните медиуми постојано се намалува бројот на вработени и дека новинарите се маргинално застапени – во просек по 1,6 новинари работат во овие медиуми.

Еден од најзагрижувачките наоди е тоа дека околу половина од новинарите и 70 проценти од медиумските работници имаат примања под просечната месечна плата (37.065 денари, мај-октомври 2023), што потврдува дека новинарството е слабо платена професија, што ги прави новинарите ранливи и подложни на различни влијанија.

Прекаријатската положба и несигурноста на работните места е спомената и во Извештајот за напредокот на Македонија кон ЕУ[6], каде се вели дека недостатокот на услови за функционирање води кон немање доволен интегритет, како на самите медиуми и нивните раководни структури, така и на новинарите и медиумските работници кои работат во нив. Ниските плати, слабата заштита на професионалните и работничките права отвора голем простор за силно влијание не само за

[5] Професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници - ССНМ https://ssnm.org.mk/publikatsii/profesionalen-status-i-rabotnichki-prava-na-novinarite-i-mediumskite-rabotnici

[6] EU Progress Report 2023, page 32, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf

сопствениците на медиумите врз уредувачката политика, туку и на други општествени, политички и бизнис групи во земјата, се споменува во извештајот.

Дополнително, состојбата со локалните медиуми и новинарството на локално ниво е се позагрижувачка. Се повеќе медиуми на локално ниво згаснуваат целосно, додека дописници има сè помалку. Според последното истражување на ССНМ, платите, односно приходите на локалните новинари и медиумски работници се под просечната плата и поради тоа тие се приморани да работат за повеќе од еден медиум. Во истражувањето на ССНМ, од попишаните 139 новинарски работни позиции кај локалните и регионалните ТВ станици, 61 проценти се хонорарни позиции, а во вкупно 32 локални и регионални ТВ станици редовно се вработени само 54 новинари.

Според ССНМ, во Македонија работничките права на новинарите и медиумските работници се покриени со општата легислатива која ги уредува работните односи, но во нив специфичните права на лицата вработени и ангажирани во медиумскиот простор не се издвоени како посебна категорија. Одредени одредби за работничките права на новинарите содржи и Законот за медиуми, но тие не се доволни за да обезбедат стабилност и независност на нивниот работен и професионален статус.

Една од нивните анализи[7] препорачува измена и дополнување на Законот за работните односи и Законот за медиуми заради опфат на новинарите и медиумските работници што се ангажирани со други договори, како и заради опфат на новинарите и медиумските работници што работат во онлајн-медиумите. Исто така се препорачува и измена и дополнување на Законот за медиуми преку зајакнување на постојните права поврзани со стабилноста на работниот статус и другите права на новинарите и медиумските работници. Се препорачува и користење на можноста за доуредување на правата на новинарите и медиумските работници преку користење на правото на здружување во синдикати, колективни преговори и склучување колективни договори.

Сите овие состојби на несигурност во работата во новинарството дополнително ја засилуваат нееднаквоста со која се соочуваат жените во медиумите. Според мапирање на бројот и демографијата на новинарите и медиумските работници во Македонија кое го направи ССНМ, во вкупната бројка на вработени жените учествуваат со 44 проценти. Во новинарската популација жените се 51 процент, додека учеството во останатиот дел, односно медиумски работници 32 проценти отпаѓа на жените.

Ова истражување директно ја покажа и нееднаквоста на мажите и жените во медиумската индустрија во Македонија. Така на пример, 4,2 проценти од жените во медиумите наспроти само 1,7 проценти од мажите рекле дека многу често доживеале јавна дискредитација, додека 5,9 проценти од новинарките рекле дека биле демнети, наспроти 3,4 проценти од мажите.

[7] Заштита и можности за остварување на работничките права на новинарите и медиумските работници - компаративна анализа https://ssnm.org.mk/publikatsii/zashtita-i-mozhnosti-za-ostvaruvanje-na-rabotnichkite-prava-na-novinarite-i-mediumskite-rabotnici-komparativna-analiza

Иако не е сериозно голема, постои разлика и во одговорите на други прашања, па така оваа анкета покажа дека 7,6 проценти од жените во медиумите доживеале мобинг на работното место, што е повеќе од три процентни поени од мажите кои доживеале малтретирање на работа (4,3%).

Речиси истите податоци се потврдуваат во рамките на различни анкети или истражувања. Така во рамките на проектот Building Power for Democratic Rights, Media Freedom and Decent Work поддржан од Union to union и Меѓународната федерација на новинари, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници во соработка со организацијата ПИНА, неодамна спроведе анкета за учеството на жените во медиумите во синдикалните активности.

Анкетата е наменета за новинарки и медиумски работнички и содржи две групи на прашања: за работничките права на жените во медиумите; како и за правата поврзани со професионалната работа и безбедноста на жените во медиумите.

Во анкетата учествуваа 54 новинарки и медиумски работнички кои дадоа свои одговори на 18 прашања поврзани со различни аспекти на учеството на жените во медиумите во синдикалните активности.

Резултатите од анкетата даваат солиден увид во размислувањата на дел од новинарките и медиумските работнички за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат, како и за решенијата кои тие сметаат дека треба да бидат направени за подобро да се справат со ваквите предизвици. Родовата дискриминација, онлајн вознемирувањето, заканите и притисоците, како и ниските плати и други предизвици при работата се дел од главните проблеми со кои се соочуваат новинарките кои одговориле на анкетата.

Новинарките во анкетата ги идентификуваат и најголемите проблеми за работничките права на жените во медиумите. Според нив, постојат многу проблеми поврзани со односот кон нив како жени како внатре во редакцијата, така и надвор од неа. Новинарките велат дека се соочуваат со шовинизам, сексизам, дискриминација како и неможност за напредување во кариерата.

Еден од најзагрижувачките моменти е и оној во кој повеќе новинарки кажуваат дека биле прашувани дали планираат да имаат деца при вработувањето или пак за време на вработувањата, што влијае директно врз нивното вработување, останување на работа или напредок на работното место.

За жените во медиумите постои неправеден пат кон уредничките или менаџерските позиции, и него анкетираните го издвојуваат како неправеден однос кој очигледно влијае на немање на ист пат кон лидерските позиции за мажите и жените во медиумите.

Новинарките посебно ги потенцираат и ниските плати и лоши услови за работа посебно во однос на непочитување на работничките права. Немање доволно слободни денови, неплатена работа за викенди, ниски плати, хонорарна невалоризирана работа, како и несигурни договори преку кои лесно може да бидат отпуштени, се само дел од проблемите со кои се соочуваат новинарките во медиумите.

Во прилог ги споделуваме само дел од личните искуства на новинарките за проблемите со кои се соочуваат од областа на работничките права:

*„Дискриминација по однос на род, изостанување на пријавување како вработена само поради тоа што си жена, не поставување на уреднички места, секогаш мажот колега има предност пред жената кога станува збор за одлучување, бркање од работа поради тоа што си бремена.“*

*„Непријавен работен однос, работа во викенди и празници-неплатен, ниски плати Условите за работа: мала плата, пријава на минималец, мала шанса за унапредување, непочитување на законите за породилно отсуство обезбедување на месечна плата, висината која не изнесува повеќе од минимална, притисоци од бизнис заедница и локални моќници.“*

*„Непродолжување на договорите при бременост. Кратко породилно отсуство. Флексибилно работно време без можност за работа од дома за мајки на мали деца.“*

Од областа на работничките права новинарките издвојуваат повеќе негативни појави кои се пракса во медиумите каде работат. Минимални плати, без формални одмори, без дневници за празници и викенд дежурства, немање можност за професионално растење во самите медиуми и чувство дека ,,се тапка во место“.

Наместо да бидат мотивирани за развој, учење и напредување, новинарките велат дека се целосно демотивирани за да се развиваат во кариерите. Неисплаќање на договорени ангажмани, плати, изработени викенди и празници или цели месеци работа за кои едноставно на крајот не добиле никакви средства, се дел од појавите со кои се соочиле анкетираните новинарки.

Резултатите од прашањето за соочувањето со родова дискриминација покажуваат дека во медиумите постои проблем со дискриминацијата на родова основа и жените се повеќе се свесни за ваквиот тип на проблеми.

За тоа дали се соочиле со дискриминација на родова основа, 53.7 проценти од анкетираните жени во медиумите кажале дека се соочиле со ваков тип на дискриминација, додека 46.3 проценти кажале дека не се соочиле.

За тоа дали при интервју за работа биле прашани некое несоодветно прашање, како на пример дали планираат да имаат деца, 27,8 проценти од анкетираните кажале дека се соочиле со вакво несоодветно прашање во работењето.

Овие резултати покажуваат дека во медиумите очигледно постои проблем со дискриминацијата врз жените кои планираат дете или се бремени, што истовремено говори и за ниската свест на менаџментот и сопственишвата за да ја поддржат еднаквоста и праведноста меѓу мажите и жените на работното место. Нормализацијата на ваквата дискриминација на жените во медиумите е недозволива и детектирање на проблемот, како и негово покренување во јавноста е еден од начините за борба со ваквите појави.

За тоа дали мислат дека новинарките/жените во медиумите се дискриминирани и

зошто, анкетираните дале повторно различни одговори кои во најголема мера кажуваат дека новинарките се дискриминирани по различни основи.

*„Да, дискриминирани се, затоа што при вработувањето се зема предвид и нивниот семеен статус, односно дали се мажени, дали имаат дете и дали планираат да имаат. Не само новинарките, сите жени често се прашуваат, ако не се прашаат се наоѓаат други извори за да се дознае дали си во брачен однос, дали имаш деца за да имаат предвид колку новинарката е достапна, колку можат да ја ангажираат, не само во работно туку и вон работно време", вели една новинарка.*

Друг проблем кој се издвојува е исто така и односот кон нив кој анкетираните велат дека често пати е различен од односот кон нивните колеги. На пример, една од анкетираните новинарки вели дека на интервју соговорникот воопшто не разговарал со неа, туку со снимателот. Се соочуваат и со разни навредливи и недозволиви коментари за изгледот, како внатре во редакцијата, така и од читателите/гледачите или на Интернет.

## 3. Анализа на состојбата со безбедноста на жените вработени во медиумската сфера

Анкетата меѓу жените во медиумите дава повеќе значајни сознанија за ситуацијата на новинарките и другите медиумски работнички во медиумската атмосфера во земјата. Главните податоци се движат во насока на тоа дека новинарките се соочуваат пред се со значајни предизвици и проблеми во однос на нивната безбедност во работењето, пред се од областа на онлајн вознемирувањето и други видови на притисоци поради нивната работа. Ваквите појави мора да се земат како сериозни, со оглед на тоа што влијаат на самите новинарки, но и на слободата на изразување преку зголемената можност за нивна цензура или самоцензура поради страв од последиците со кои може да се соочат поради својата работа.

Посебно место во кратката анкета добија и прашањата кои ја адресираат безбедноста на жените во медиумите, преку кои новинарките говорат за бројни проблеми со кои се соочуваат во нивното секојдневие.

Еден од најзагрижувачките наоди во кратката анкета со новинарките е оној за директните закани и притисоци со кои се соочиле поради нивната работа.

На прашањето дали лично имале закани или притисоци поради нивната работа, над 70 проценти од анкетираните одговориле дека се соочиле со закани и притисоци, што го потврдува трендот на оваа негативна појава.

Дури 72.2 проценти од анкетираните новинарки сметаат дека безбедноста на новинарките не е на добро ниво во нашата земја.

Освен тоа, ваквата атмосфера постојано ја зголемува и можноста од други напади, па и физичко насилство врз новинарките во медиумите.

За тоа кои се трите најголеми предизвици за новинарките кога се работи за нивната

безбедност, анкетираните го издвоиле и непостапувањето на институциите при говор на омраза, вознемирување или разни притисоци, недостатокот на заштита на работното место и неказнивоста на сторителите.

Новинарките велат дека жените почесто се мета на напад затоа што се сметаат за поранливи и секој си зема за право да ги навредува и да им се заканува независно дали е функционер, службеник или обичен граѓанин. Тие исто така укажуваат и на немањето заштита од редакциите во кои работат.

Слабата заштита во рамките на редакциите, но и генерално од надлежните институции кога се работи за онлајн вознемирувањето беше предмет и на анкетата на ПИНА за онлајн вознемирувањето која опфати 103 новинарки од домашната медиумска сцена.

Европската федерација на новинари (ЕФН) тогаш објави дека е загрижена од резултатите од публикацијата на Платформата за истражувачко новинарство и анализи (ПИНА), која откри сериозни проблеми во заштитата и гонењето на онлајн вознемирувањето на новинарките во земјава.

Од анкетираните 43,7 проценти не го пријавиле случајот на онлајн вознемирување во Министерството за внатрешни работи или во Јавното обвинителство. Од оние кои пријавиле, најчесто тоа го направиле во редакцијата, односно 32 проценти, 19,4 проценти го пријавиле во надлежниот орган и 18,4 проценти во некоја од новинарските организации. Мал дел 19,4 проценти го пријавиле случајот на самата онлајн платформа односно на Фејсбук.

И покрај тоа што најголем дел (86,4%) од новинарките одговориле дека знаат во која институција треба да се обратат за да го пријават онлајн вознемирувањето, само 25,2 проценти го пријавиле вознемирувањето во надлежната институција. Според најголем дел од изјавите на новинарките, непријавувањето на случаите на вознемирување најчесто е резултат на високиот степен на недовербата во институциите, независно дали станува збор за полиција, обвинителство или судство.

Дури 41,9 проценти од новинарките кои пријавиле онлајн вознемирување и напади биле многу незадоволни од соработката со институциите, а само две новинарки биле задоволни.

Овие податоци говорат за слабата доверба во институциите и системските механизми за заштита и превенција кога се работи за онлајн вознемирувањето како форма на притисок врз новинарките во медиумите.

## 4. Искуства од терен - новинарките за нивните предизвици во работата

За подетална слика за секојдневието на новинарките при извршувањето на нивната работа, направивме кратки интервјуа со две новинарки од домашната медиумска средина кои се соочиле со различни притисоци поради нивната работа.

Ирена Мулачка, новинарка која долги години работи во магазинот Фокус, вели дека со текот на времето во зависност од тоа каква тема ќе објави, редовно е мета на закани со тужби и притисоци.

„За последната тема за скандалот „Онкологија“ се соочив со многу притисоци, затоа што се работеше за тема, која го засега директно животот на луѓето, а посебно кога во еден од текстовите ги посочив главните виновници. Меѓутоа, се тоа престана откако полицијата упадна на скопска Онкологија и работата ја преземаа МВР и Обвинителството. Па тука некаде се намалија притисоците.

Во периодот кога го објавив цел серијал од 15-тина текстови за актуелната скопска градоначалничка Данела Арсовска, таа скроз ме игнорираше, но затоа пак преку Марјан Доказ си ја спроведуваше својата агенда и за мене излегоа еден куп текстови со измислици и гадости. Исто така, додека ги правев текстовите за бизнисменот Орце Камчев, тој ме тужеше сметајќи дека на тој начин ќе ме натера да прекинам со објавувањето, но го изгуби судскиот процес“, вели Мулачка.

Таа додава дека секогаш жените се тие кои се на удар и добиваат поразличен третман за разлика од колегите.

„Ние се уште живееме во општество во кое жените се третираат на многу пониско ниво од мажите, иако реално жените се доста похрабри и ги објавија најдобрите истражувачки стории“, додава Мулачка.

Нејзината колешка, Силвана Жежова која е долгогодишна новинарка во повеќе македонски медиуми, имала други видови на притисоци во работењето. Таа во два одделни случаи беше мета на жестоко онлајн вознемирување.

Едниот случај бил поврзан со пишувањето на текстови во врска со планинарската несреќа на Кајмакчалан, во која загинаа двајца македонски планинари, кога преку телефон и се заканувал човек поради известувањето.

„Случајот го пријавив во Секторот за компјутерски криминал при МВР, таму ги прикажав сите пораки со заканувачка содржина, и ги споделив сите мои сомневања и сознанија, кој мислам дека е човекот, зошто го прави тоа, што му пречи во текстовите итн. За среќа, во овој случај имаше ефект од пријавувањето, многу брзо потоа заканите на социјалните мрежи и јавувањата по телефон престанаа“, вели Жежова.

Но вториот случај на вознемирување не донел така брз резултат за да престане истото, туку за жал истото се уште повремено се случува.

„Во вториот случај, има(ше) организиран и оркестриран напад врз невладината организација во која што работев, под која што има неколку медиуми. Вработените, а посебно новинарите бевме ставени со слики на една групна фотографија како табло, која што се споделуваше на социјалните мрежи, по различни јутјуб канали, ТВ емисии и бевме прикажувани како најголеми злосторници, државни предавници и непријатели. Иако организацијата пријави до сите надлежни институции, ништо не се направи за што било да се спречи и говорот на омраза продолжи да се шири“,

вели Жежова.

Според неа овие искуства не влијаеле врз нејзината работа, и таа продолжила да работи како и претходно.

„Но влијаеше на едно друго ниво, односно заради ова искуство се исклучив од социјалната мрежа Фејсбук. Не ми беше пријатно, при секое отворање на оваа мрежа, да ги читам и да ги „варам" сите тие погрдни коментари. Тој момент ми беше многу стресен, и затоа решив да се поштедам", додава таа.

Таа смета дека нема доволно заштита за новинарките кои ќе се најдат под онлајн напади или се мета на вакви ситуации, но дека мора да се охрабруваат да пријавуваат.

„Потребно е да зборуваат за овој проблем, да споделуваат искуства, да се поддржуваат една со друга, да се бодрат меѓу себе за да ја бараат институционалната правда. Ниту еден случај, напад не треба да биде премолчен, треба да се зборува за да се добие поддршка", додава таа.

Овие два примери даваат само мал увид во секојдневието на новинарките во нашата заедница, кои за жал се соочуваат со безброј недозволиви, но нормализирани однесувања во општеството кое се уште недоволно ги казнува насилниците и вознемирувачите.

## 5. Зголемување на солидарноста меѓу новинарките и јакнење на заедницата на жени во медиумите

Зголемувањето на солидарноста меѓу новинарките и жените во медиумите е клучен чекор кон подобрување на ситуацијата на новинарките во домашните медиуми. Јакнењето на свеста меѓу новинарската заедница за специфичните проблеми со кои се соочуваат новинарките води кон нова енергија и нов наратив кога се работи за борбата за женските, односно човековите права во медиумската заедница.

И покрај сите проблеми, во новинарската заедница се појавуваат и светли примери од праксата и иницијативи кои директно работат на зголемување на солидарноста меѓу новинарките и јакнење на заедницата на жените во медиумите.

Веќе неколку години во рамки на организацијата ПИНА функционира првата Програма за новинарки во нашата земја, која денеска брои повеќе од 30 членови - новинарки од целата држава. Програмата веќе неколку години дава менторска и финансиска поддршка за новинарки, а исто така и директно работи на зголемување на вмрежувањето и солидарноста меѓу новинарките, адресирање на специфичните проблеми со кои се соочуваат новинарките како и јакнење на заедницата на жените во медиумите.

Практичните искуства од програмата говорат дека јакнењето на свеста меѓу новинарките за предизвиците со кои се соочуваат, кои често пати се многу слични, е клучно за зголемување на солидарноста. Преку покревање на важни прашања за

новинарките и нивните проблеми, оваа Програма исто така успеа да стави на тапет и покрене голем број теми кои сега се во фокус на поширокати новинарска заедница.

Од неодамна се формираше и новата неформална мрежа на жени во медиумите ,,Еднаква" која засега ќе функционира во рамки на ССНМ, која исто така најави дека ќе работи на подобрување на правата на новинарките, борба со сексизмот и шовинизмот, притисоците и онлајн вонземирувањето врз новинарките. Мрежните поврзувања се важен чекор во насока на јакнење на заедницата на новинарките и за очекување е појава и на други мрежи и иницијативи, формални или неформални или пак, во рамки на други организации, кои ќе работат на дополнително подобрување на позицијата на новинарките во земјата.

Иницијативите од ваков тип, кои работат директно со новинарките и имаат тековен увид во нивното секојдневие и проблемите со кои се соочуваат, се ефикасен механизам за следење на состојбата во фелата кога се работи за третманот на жените во медиумите. Освен тоа, преку нив директно се работи со новинарките кои се активираат за решавање на нивната ситуација, наместо пасивно да го трпат нефер третманот кон нив.

## 6. Заклучоци и препораки

Сите искуства и сознанија од праксата покажуваат дека состојбата со позицијата на жените во медиумите, посебно новинарките, бара сериозен и сеопфатен пристап за да се постигне подобрување на ситуацијата и напредок во нивната позиција во медиумите. За поздравување се иницијативите, програмите и формалните и неформалните вмрежувања на новинарките и тие се значаен чекор кон подобрување на солидарноста меѓу жените во медиумите и зајакнување на свеста и заедницата во медиумската сфера. Но сепак, постои потреба од поголема системска заштита и институционална реакција кога се работи за дел од проблемите со кои се соочуваат новинарките, посебно поврзани со нивната безбедност.

Во последниот период полека, но сигурно се менува и свеста кај традиционалните медиумски организации за потребата од адресирање на специфичните предизвици со кои се соочуваат новинарките и жените во медиумите. Зголемување на соработката помеѓу медиумските граѓански организации за заедничка работа на подобрување на правата на новинарките во медиумите би била една од првите работи кои може да се преземат во следниот период, со цел да се почне поактивна и пообединета акција на прашањата кои ги засегаат жените во медиумите.

Дополнително, поголема обединетост меѓу организациите и кревање на гласот за притисоците со кои се соочуваат новинарките, ќе го зголемува и притисокот врз институциите за побрза и посоодветна реакција и давање заштита при разни видови на напади.

Земајќи ги предвид заклучоците, како и горенаведените анализирани проблеми и предизвици со кои се соочуваат жените во медиумите, а особено новинарките

произлегуваат неколку препораки кои медиумските организации, а пред се Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници може да ги преземе за подобрување на условите за работа на жените во медиумите.

Еден од начините за успешно адресирање на предизвиците поврзани со кршењето на правата на новинарките е пред се поголема гласност и солидарност меѓу самите новинарки. За таа цел потребни се континуирани кампањи за кревање на свеста како помеѓу жените во медиумите така и кај другите чинители. Во овој дел од голема важност е директната комуникација со новинарките, но и организирање на обуки за заштита (безбедност), како и обезбедување правна помош и психолошка помош.

Исто така, интензивирање на соработката и градење мрежи за меѓусебна поддршка помеѓу жените во медиумите, што значи поголема активност на постојните мрежи и нивно таргетирано дејствување на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат новинарките во нивната секојдневна работа. Со цел поголемо влијание како во заедницата, така и во јавноста потребна е зголемена соработка меѓу медиумските и другите граѓански организации со цел подобрување на состојбата на жените во медиумите и адресирање на нивните проблеми.

Постојана будност во утврдувањето на прекршувањата на правата на жените во медиумите, откривање на разните видови на дискриминација, кршење на работничките права и на професионалните права и брза реакција за пријавување пред институциите.

Понатаму, застапување пред институциите за подобрување на безбедноста на новинарките, како и за подобрување на работничките права, односно активно учество во подобрувањето на законската регулатива или во процесите за процесуирање на случаите на прекршување на правата на новинарките, посебно кога тоа е базирано на родова основа. Сензибилизирање на раководствата на медиумите за родовите прашања и како тие влијаат врз работата и правата на новинарките, преку директни средби, дебати и укажувања.

Последователно на тоа, креирање на упатства, прирачници, или пак изработка на внатрешни процедури во рамки на медиумите за поголема родова сензитивност, но и прирачници за самите новинарки со цел полесно и побрзо препознавање на родова базираните напади или дискриминација.

За намалување на нападите врз новинарките и медиумските работнички потребно е зголемување на јавната свест за проблемите и предизвиците со кои тие се соочуваат, како нападите влијаат не само врз нив, туку и врз нивната работа како чувари на јавниот интерес. Следствено, потребно е застапување и јавно реагирање при прекршување на работничките или професионалните права на новинарките со цел нивно подобро и поефикасно институционално адресирање и обезбедување на поголема системска заштита.

# 7. Користена литература


- Родово-базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија, Реактор, страна 13 https://reactor.org.mk/publication-all/%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%be%d0%b2%d0%be-%d0%b1%d0%b0%d0%b7%d0%b8%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b0-%d0%b4%d0%b8%d1%81%d0%ba%d1%80%d0%b8%d0%bc%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b8-%d1%80%d0%b0%d0%b1-2/
- Фајнанс тинк, стр 1 https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/10/Policy-brief-9.pdf
- ПИНА - Над 81 проценти од 103 анкетирани новинарки се соочиле со онлајн вознемирување https://pina.mk/6335-pina-nad-81-od-103-anketirani-novinarki-se-soochile-so-onlajn-voznemiruvane/
- Бојана Јовановска, „Од нормализација до самоцензура - анализа на онлајн вознемирувањето на новинарките во Северна Македонија" - Платформа за истражувачко новинарство и анализи, стр 4. https://www.osce.org/files/f/documents/f/5/526988_0.pdf?fbclid=IwAR071VWJ9XY-bU-dO4xFYG4yBsb-Z_7WBWCTu5wpiy7PWJLJ4X01XFeBvzA
- Професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници - ССНМ https://ssnm.org.mk/publikatsii/profesionalen-status-i-rabotnichki-prava-na-novinarite-i-mediumskite-rabotnici
- EU Progress Report 2023, page 32 https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf
- Заштита и можности за остварување на работничките права на новинарите и медиумските работници - компаративна анализа https://ssnm.org.mk/publikatsii/zashtita-i-mozhnosti-za-ostvaruvanje-na-rabotnichkite-prava-na-novinarite-i-mediumskite-rabotnici-komparativna-analiza

С С Н М

www.ssnm.org.mk